*"Учител е оној кој го има клучот со кого и вие ќе станете Учител… да ви помогне да разберете, дека сте и вие Учител, и дека сте вие и Господ едно. Тоа е се… тоа е единствена должност на Учителот."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

*"Нашиот пат не е религија. Јас никого не преобразувам на католицизам, будизам или на некој други теизам. Јас едноставно ви нудам, да го најдете патот до самите себе, да разберете од каде доаѓате, да се сетете на своето пратеништво во овој свет, да ги откриете тајните на вселената, да разберете зашто има толку сиромаштво и да дознаете што не чека после умирањето."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

*"Одалечени сме од Господа, бидејќи имаме многу обврски. Ако некој ви зборува, а телефонот звони без престанување, ако нешто кувате или со некого зборувате, тогаш со вас никој неможе да стапи во врска. Истото се случува со Господа. Господ не повикува секој ден, а ние немаме време за него, и телефонот го оставаме да звони."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

# *Кратка биографија на Совршената Учителка Чинг Хаи*

Учителката Чинг Хаи потекува од богато семејство, од Aulaca (Виетнам). Нејзиниот татко бил ценет лекар, применувал природни методи. Таа е католички воспитана, а од нејзината баба ги стекнала основите на будизмот. Уште како дете покажувала интерес за филозофски и религијски учења и со посебно внимание се однесувала према сите живи суштества.

Со навршени 18 г. Учителката Чинг Хаи отишла на студирање во Англија, а покасно во Германија и Франција, каде работела за црвениот крст, се омажила за еден германски научник. После 2г. Сречен брак, го оставила на мажот со негова согласност, потоа ја продолжила потрагата за просветлување и така го постигнала идеалот, за кого чезнеела од детството. Во тоа време под водство на различити учители и мајстори, се занимала со различити техники на медитација и душевни дисциплини. На крај разбрала дека е без корисно како единка, да помогне во смалување на човечките маки. Разбрала, да најдобар начин за да се помогне на луѓето е, ако го постигне степенот на самозапознавањето. Единствено со таа намера патувала по разни земји и ја барала најдобрата метода за потполно самозапознавање.

После многу години исполнети со испити, доживувања полни со проблеми и јадови, Учителката на крај ја пронашла методата Quan Yin, а на Хималаји го доживела и добивањето на Божанска сила. После некое време на Хималаите, посветено на вежбите го постигнала потполното просветлување.

Во годините после просветлувањето Учителката Чинг Хаи живеела спокоен и повлечен живот, како будистичка калуѓерка. По природа е повлечена, таа своето богатство го чувала скривено во себе, се додека кај неа не дошле луѓето, кои сакале да ги поучува и упати во своето учење. Упорните молби и настоувања на учениците од Формоза (Тајwan) и САД, се повод што Учителката Чинг Хаи започнала да одржува предавања во целиот свет, и во својата наука упатила иљадници и иљадници чесни луѓе, кои сакале душевно да се развиваат.

Денеска е се поголем број на луѓе, кои ја бараат вистина, луѓе од различити религии и од различити земји, доаѓаат кај Неа, да ја запознаат Нејзината итрина. Учителката е со воља да им се посвети на луѓето, кои се спремни да учат и искрено да ги преименуваат методите на моменталното просветлување, која и сама ја разбрала како највисока – Quan Yin метода – им помагала и ги водела на нивниот душевни пат.